До

_____

_____

ПОКАНА

Општина Чешиново-Облешево ги поканува сите граѓани на општината да земат активно учество на **четвртата форумска сесија** организирана во рамки на Проектот „Зајакнување на општински совети“ – фаза II, финансиран од страна на Швајцарската влада, Министерството за локална самоуправа и Програмата за развој на Обединетите Нации – УНДП.

Форумската сесија ќе се одржи на ден **17.02.2025 година (понеделник)** со почеток во **12.00 часот** во просториите на **ООУ „Климент Охридски“ Облешево**

Општина Чешиново-Облешево ги поканува граѓаните кои учествуваа во досегашната работа на форумскиот процес да го искористат своето демократско право и да го изберат проектот кој ќе биде реализиран со средства од проектниот фонд.

Право на глас имаат граѓаните кои присуствувале на најмалку 3 (три) форумски сесии.

Присуството на четвртата форумска сесија е многу значајно за успешноста на форумот.

На сесијата ќе биде формирана и работна група која ќе ја следи реализацијата на проектот и на последната, петта сесија, ќе елаборира за истиот.

Присуството на што поголем број на граѓани е од големо значење за транспарентното работење на општина Чешиново-Облешево

Со почит,

Општина Чешиново-Облешево